


# МИНИ ЛЕКЦИЈА - РАЗЛИЧНОСТА КАКО СИЛА: УЧИМЕ КАКО ДА ЖИВЕЕМЕ И ДЕЈСТВУВАМЕ ЗАЕДНО

BUILDING COMMUNITY LINKS

## 1. СВЕТОТ ВО КОЈ ЖИВЕЕМЕ

Живееме во време кога светот се смалува - не во големина, туку во оддалеченоста. Интернетот, социјалните медиуми и ефтините патувања направија - она што некогаш беше многу далечно, сега да е до нас со еден клик.

**Помисли на ова - во само еден ден можеш:**

- Да гледаш Корејска К-драма на Нетфликс или некоја Полска крими серија ,
- Да порачаш суши во Скопје, или да јадеш пирошка во Полска
- Да слушаш Македонска поп музика, Полски рок, Американски рап, и Нигериjски афробит - во само една плеј-листа,

но и да си зборуваш со пријателите од Италија, Украина или Турција на Инстаграм или Дискорд.

Нашиот секојдневен живот - училиштето, музиката, храната, модата, играњето игри - длабоко се поврзани со културите од секое катче на планетата. Можеш да шеташ низ Скопје и влезеш во суши бар, да видиш турски кебапи или продавници за италијански сладолед, или да шеташ низ Варшава, каде ќе најдеш рамен, вегански фалафел или качапури од Грузија. Различноста не е повеќе нешто „странско“ - туку таа е дел од она што сме ние.

Co-funded by the European Union
Fundacja Energia dla Europy
AUTPOST ACADEMY
POSITIVO Think Positive Be Creative
FERI

**Различност: подарок и предизвик**

Различноста е неверојатна - таа ни ги отвора очите кон новиот начин на размислување, свежи идеи и различни традиции. Но да бидеме искрени - не секогаш е така лесно.

Замисли го ова:

Нов ученик доаѓа во вашиот клас. Таа е од друга земја - да речеме, Турција или Украина. Нејзиното познавање на полски јазик не е многу добро. Дали ќе и помогнеме да се чувствува добредојдено или ќе ја оставиме да руча сама, затоа што „не разбирам што зборува?“

Или, можеби твојот соученик не јаде свинско од религиозни причини. Дали го почитуваме неговиот избор и при тоа учиме нешто ново, или правиме шеги наоколу и велиме „Ама ајде, од еден колбас нема да ти стане ништо?“

Овие мали, секојдневни ситуации покажуваат дали ние навистина знаеме да живееме заедно во нашата различност.  Тие се проверка на нашата емпатија, почит и нашата вештина да се поврземе.

**Торбичка со различности**

Размислувај на различностите како на торбичка полна со богатство. Таа е полна со различни јазици, вкусови, песни и приказни - работи кои нашиот свет го прават различен и шаренолик.

Но тука е и предизвикот: Ако не знаеме како да ја носиме торбичката, таа ќе ни биде тешка. Ако немаме разбирање, отвореност и емпатија, богатвото во неа ќе остане затворено. Но, ако ја отвориме торбичката со љубопитност и љубезност, ќе откриеме неверојатни работи - нови пријателства, инспирација и креативни идеи кои може да го сменат светот.

**Градење мостови, не ѕидови**

Една работа што не треба да ја заборавaме - вештините кои ни се потребни за да живееме во различниот свет - не е нешто со што сме се родиле. Нив ги учиме - онака како што учиме да свириме гитара, кодирање или да возиме скејтборд. Отвореноста, емпатијата, и дијалогот се како мускули - колку повеќе ги вежбаме, толку посилни стануваат.

Преку оваа обука, ќе истражиме како предизвиците да ги претвориме во можности  - како да разбереме, како да се однесуваме и соработуваме со различни култури.

Затоа што вистината е дека - нашиот свет било да е во Скопје, Краков или на друго место на светот, нема да стане помалку различен. Без друго, тој станува се подинамичен, пошарен и поврзан меѓусебно.

Прашањето е: Дали различноста ќе ја сметаме за проблем или пак наша најсилна страна?

## 2. ШТО Е ИНТЕРКУЛТУРНА ПОДГОТВЕНОСТ?

Замисли си дека си на размена на студенти во друга земја - можеби Полска, Шпанија, Северна Македонија. Запознаваш луѓе од цела Европа. Сите зборуваат различен јазик, јадат различна храна, и си ги искажуваат емоциите на свој начин.
Некој зборува гласно и се гушка со сите. Друг зборува тивко и се држи на дистанца. Некој вечера во 9 навечер - затоа што тоа е нормално за Шпанија, додека друг не јаде некој вид месо од религиозни прични. На прв поглед тоа е збунувачки, дури и непријатно.
Но, ако имаш изградено интеркултурна подготвеност, нема да брзаш со донесување заклучоци. Ќе бидеш љубопитен/на. Ќе прашаш, слушнеш и ќе се обидеш да разбереш. Знаеш дека различното, не значи погрешно - тоа само значи различно.

**Знаење. Вештини. Однос. Дејство.**

Интеркултурна подготвеност е како микс на супермоќи - знаење, вештини, став и дејствување.

- **Знаењето** значи дека разбираш зошто други луѓе слават различни празници - Рамадан, Велигден, Православна Нова година, Слава - или имаат други семејни традиции - како начин на облекување или верувања.
- **Вештини** значи дека ти навистина слушаш, прашуваш прашања без да осудуваш и бараш решенија кога има недоразбирање.
- **Однос** подразбира начин на кој ти им пристапуваш на другите со почит, љубопитност и емпатија. Не велиш „Ова е чудно“, туку „Ова е баш интересно - раскажувај ми уште!“
- **Дејствување** значи да направиш нешто. Поканyваш нов ученик од Украина да ви се приклучи на заеднички проект. Поддржуваш ваш соученик од Полска кој го задеваат поради акцентот. Велиш „Еј, тоа не е кул“ кога некој шири шеги со омраза, на социјалните мрежи.

**Алатки, клуч, и светилка**

Разбери ја интеркултурната подготвеност како комплет со алати:

- *Знаењето* е твоето упатство за употреба - ти објаснува како функционираат работите.
- *Вештините* се твоите алатки - чеканот, шрафцигерот, и клештата.
- *Односот* е твојата мотивација - тоа е всушност, твојата одлука да ги поправиш работите.
- *Дејствувањето* е кога ќе ги засукаш ракавите и ќе почнеш да градиш или поправаш.

Или замисли го ова како **клуч** - без него, ќе бидеш заглавен/а во ходникот, прашувајќи се - што има зад вратата. Но, кога поседуваш интеркултурна подготвеност, ја отвараш вратата - зачекоруваш во нов свет полн со луѓе, идеи и можности.

Или тоа е како **Светилка во мракот** - ти помага да го пронајдеш патот, кога не си сигурен/на, во врска со нешто што е различно. Ти дава светлина, правец и доверба.

**Пример од вистинскиот живот**

Да речеме дека нов ученик доаѓа во вашиот клас - можеби од Украина, Сирија или Косово. Нивниот македонски или полски јазик не е најдобар. Тие ученици личат помалку изгубено.

Ако си стекнал/а интеркултурна подготвеност, нема да чекаш друг да дејствува. Не е потребно да имаш посебен талент - доволно е само малку **смелост, емпатија и отвореност.**

**Исто како да учиш да возиш велосипед**

Најдобриот дел? Интеркултурната подготвеност не е нешто со кое се раѓаме - тоа нешто што го научуваш и го правиш.

На почетокот, можеби ти е чудно - како кога учиш да возиш велосипед. Можеби ќе згрешиш, ќе изгубиш рамнотежа, или ќе кажеш нешто погрешно. Но со вежбање, стануваш подобар/а, посигурен/а, и наскоро - се движиш слободно, и се поврзуваш со луѓето каде и да одиш.

И како и возењето велосипед - еднаш кога ќе научиш, нема да го заборавиш.

## 3. ЗОШТО БИ ТИ КОРИСТЕЛО?

Можеби си мислиш: „Во ред, звучи добро.Но што ќе ми е? Си го имам моето училиште, моите другари, мојот секојдневен живот. Практично, ништо не се менува.” Но - всушност се менува.

Светот околу нас станува се пошаренолик, поврзан, и поразличен од било кога до сега. Дури и ако живееш во мал град или одиш во исто училиште од градинка, различноста станува дел од твојот живот. Само што, можеби сеуште не си забележал.

Co-funded by the European Union

Fundacja Energia dla Europy

AUTPOST ACADEMY

POSITIVO Think Positive Be Creative

FERI

**Во училиште**
Разгледај ја училницата. Денес, во многу училници - било да се во Битола, Тетово или Варшава - ќе најдеш ученици од Украина, Косово или Турција. Тие со себе ги носат новите јазици, обичаи и перспективи.

Некогаш има недоразбирања- некој можеби слави празник за кој не си ни чул, или не јаде од храната во кафетерија. Но интеркултурана подготвеност ти помага да ги претвориш овие различности во конекции - во другарство, тимска работа и мигови на учење. Така се создава училница во која сите се добредојдени, каде што различноста станува сила, а не бариера.

**Во секојдневниот живот**
Па дури и да не го напуштиш својот град, различноста ќе пристигне преку телефонот. На TikTok или Instagram, следиш креатори од Кореа, Ирска или Канада. Учиш да танцуваш на песни, чиј јазик не го ни зборуваш.

На Discord, веројатно играш игри со некој од Германија, Србија или Грција. Интеркултурната подготвеност ти помага да разбереш што е во позадината на се она што го гледаш - ти овозможува да забележиш стереотипи во мемињата, да препознаеш говор на омраза, маскиран во „шега" и да знаеш кога некоја онлајн содржина е создадена од дезинформација или предрасуди.
Тоа е како да имаш дигитален компас кога си онлајн - ти помага да останеш љубезен, да имаш почит и си внимателен.

**Во твојата идна кариера**
Еве уште една тајна - оваа вештна ќе ти помогне да бидеш посебен/а во твојата кариера. Денешните работодавачи не сакаат само луѓе кои си ја „знаат својата работа". Тие сакаат луѓе кои знаат да работат со другите - преку и над јазиците, границите и начинот на мислење.

Замисли да работиш во ИТ тим со луѓе од Полска, Северна Македонија или Летоннија. Или преку Erasmus+ учиш во друга земја, во Краков или Љубљана. Ако можеш да се прилагодиш, комуницираш и ги разбираш различните перспективи, ти си веќе еден чекор понапред.
Интеркултурната подготвеност не е само вештина потребна за „патување во странство". Тоа е животна вештина - онаа која го обликува начинот на кој се однесуваш со другите, решаваш проблеми или создаваш можности каде и да одиш. Затоа што различноста е тука и не оди никаде. Прашањето е - дали ќе ја искористиш како предност, или ќе ја оставиш да збунува и разделува?

Co-funded by the European Union
Fundacja Energia dla Europy
AUTPOST ACADEMY
POSITIVO Think Positive Be Creative
FERI

## 4. КАКО ЌЕ РАБОТИМЕ?

Сега, можеби се чудиш  - “Добро, каква ќе биде всушност обуката?” Па, еве една добра вест - нема да има здодевни лекции.
Нема да седиш на место и препишуваш белешки од таблата. Ќе се движиш, ќе зборуваш, ќе се смееш, ќе мислиш - ќе бидеш дел од приказната.

**Што ќе правиме:**

- Ќе работиш на интерактивни  вежби и **работни листови** за да откриеш повеќе за себе си и начинот на кој ги гледаш другите.
- Ќе истражуваш **вистински приказни и студии на случаи** - на пример како недоразбирањето во поглед на разликите во културите се случува онлајн, на училиште, па дури и во групни проекти.
- Ќе слушаш **куси подкасти и ќе гледаш мултимедијални видеа** кои поттикнуваат нови идеи и емоции.
- Ќе учествуваш во **симулации и играње улоги** - ќе влезеш во туѓите чевли за да видиш како изгледа - ти да си „новиот“ или „оутсајдер“.
- Ќе го тестираш знаењето преку **квизови и игри** - затоа што учењето е полесно кога е забавно.

**Лабараторија за учење**

Замисли ја оваа работилница како лабараторија на луѓе и идеи. Тука можеш да експериментираш - кажи го она што го мислиш, направи нешто ново, па дури згреши.

Некогаш работите ќе кликнат. Некогаш нема. Но секогаш, ќе научиш нешто ново - за другите и за себе.
Тоа е безбедно место каде што секое мислење се важи, секоја приказна се брои. Ќе го донесеш личното искуство - твоето потекло, верувања, соништа - и заедно ќе ги измешаме во нешто вистински инспиративно.

Затоа што најважното нешто во оваа обука не се слајдовите или обучувачот - туку ти си. Ти си главниот јунак на ова патување.

Co-funded by the European Union
Fundacja Energia dla Europy
AUTPOST ACADEMY
POSITIVO Think Positive Be Creative
FERI

## 5. ШТО ЌЕ ДОБИЕШ?

Па, што ќе добиеш од сево ова? Што ќе понесеш со себе после ова искуство - освен неколкуте часа од твојот календар? Ајде да видиме.

**Подобро разбирање за себе**
Пред да ги разбереш другите, треба прво да се разбереш себе си. Преку размислување и вежби, ќе забележиш како твоите вредности, навики и искуство го обликуваат начинот на кој го гледаш светот. Оваа свесност ќе ти помогне да изградиш посилни, поавтентични релации - и во училиштето и надвор од него.
**Моќта да забележиш стереотип**
Ќе научиш да ги разликуваш фактите од мислењето - и како да увидиш дека некој коментар или „пост" онлајн, се заснова на предрасуди. Ќе разбереш зошто стеротипноста повредува  - и како да се справиш со тоа смирено и интелигентно. Ова е една од највредните вештини во 21иот век - особено во светот полн со дезинформација или донесување брзи решенија.
**Самодоверба во разговорите**
Ќе научиш да разговараш со луѓето кои мислат поинаку - без страв или лутина. Ќе сфатиш дека не мора да се согласуваш со некого, за да го разбереш. Таквата почит и љубопитност може да го претвори дури и несогласувањето во значајна размена на мислење.
**Практична алатка во вистинскиот живот**
Ќе ти దадеме конкретни алатки за работа - начин да одговориш во конфликт, да изразиш емпатија и изградиш дијалог. Ова се нешта што можеш веднаш да ги искористиш: во твојот клас, на социјалните медиуми, додека патуваш, или твоето идно работно место.
**Чувство на влијание**
Ќе видиш дека дури и малите работи - да се насмееш некому, да застанеш против омразата, или да започнеш позитивен разговор - можат да ја сменат атмосферата околу тебе. Ќе се почувствуваш значајно затоа што правиш разлика, без оглед на тоа дали е мала или голема.
На крај на денот, различноста не е проблем за решавање - таа е супермоќ што се развива. Штом ја отклучиш, ќе остане со тебе - во твоето училиште, твоите дружења, идната кариера, и секоја заедница - чиј дел ќе си ти.

**Па, дали си подготвен/а да ја прегрнеш својата нова супермоќ?**

Co-funded by the European Union

Fundacja Energia dla Europy

AUTPOST ACADEMY

POSITIVO Think Positive Be Creative

FERI

*Финансирано од ЕУ. Изразените ставови и мислења се само ставови на авторот/авторите и не ги одразуваат нужно ставовите и мислењата на Европската Унија или на Фондацијата за развој на образованието. Ниту Европската Унија ниту Фондацијата за развој на образованието не се одговорни за нив.*

*Сите резултати развиени во рамките на проектот „Градење врски во заедницата“ се достапни под отворени лиценци (CC BY-SA 4.0 DEED). Тие можат да се користат бесплатно и без ограничувања. Копирањето или обработката на овие материјали, целосно или делумно, без согласност на авторот е забрането. Во случај на користење на резултатите, потребно е да се наведе изворот на финансирање и неговите автори.*

Co-funded by the European Union

Fundacja Energia dla Europy

AUTPOST ACADEMY

POSITIVO Think Positive Be Creative

FERI